**ОПШТИ УСЛОВИ**

**1. Воведни одредби**

1.1 Општите услови се општи правила под кои ФД ЕУРО МК ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 6 , 1000 Скопје, РСМ, со ЕМБС 6856136 регистриран во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица во Централниот регистар на РСМ електронска пошта: info@euromk.com.mk и euromk@ymail.com , тел: (02) 3210 - 821; (02) 3210 – 822 , (во понатамошниот текст ФД) извршува дејност за одобрување на кредити на физички лица – важи само за брз кредит, (во понатамошниот текст корисник/барател на кредит).

1.2 Општите услови се договорни одредби кои пред или во моментот на склучување на договорот, едната договорна страна односно ФД и ги предлага на другата договорна страна Кредитобарателот , било да се содржани во формуларен (типски) договор, било договорот на нив да се повикува.

**2. Услови за аплицирање**

2.1 За аплицирање и склучување на Договор за кредит со ФД, Кредитобарателот треба да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на РСМ и да има постојано живеалиште во РСМ;
- да е деловно способен;
- да има редовни приходи врз основа на воспоставен редовен работен однос или пак врз основа на остварено право на старосна или инвалидска пензија;
- да има деловна способност да склучува правно обврзувачки договори;
- да поседува важечка лична карта или пасош;
- да располага со мобилен телефон и активна електронска пошта адреса;
- да поседува сопствена трансакциска сметка во банка регистрирана во РСМ.

**3. Постапка при аплицирање**

3.1 Лицата кои ги исполнуваат условите од член 2.1. од овие Општи услови имаат право да аплицираат за склучување на Договор за кредит со ФД преку електронско пополнување на апликациониот формулар на ФД кој се наоѓа на официјалната веб страница https://brzkredit.euromk.com.mk/и назначената страница https://www.euromk.com.mk/

или пак во просториите на ФД.

3.2 Барателот на кредит ја пополнува електронската апликација според дадените полиња, при што се наведуваат личните податоци на Барателот на кредит, неговата електронска пошта, телефон за контакт и други податоци, како и бараниот износ на кредит и рокот за враќање на кредитот.

3.3 Со пополнување и испраќање на електронската апликација Кредитобарателот ја потврдува својата согласност со овие Општи услови и истовремено ја дава својата согласност ФД да врши проверка на неговата кредитна способност во Македонско Кредитно Биро или во друга база на

податоци до која ФД има пристап согласно важечките прописи, како и изјава за маркетинг цели.

3.4 Кредитобарателот  се согласува ФД да врши обработка и ажурирање на неговите лични податоци, да ги користи со цел да врши проверка и верификација на истите, да ги користи при анализа и процена на кредитната способност на Кредитобарателот  за наплата на долг, како и во други случаи предвидени со закон. За сите останати цели, користењето на личните податоци ќе биде во согласност со изјава дадена од страна на Кредитобарателот . ФД се обврзува да ги заштити личните податоци на Кредитобарателот  согласно законските прописи, интерните акти и правила на ФД за заштита на личните податоци.

3.5 За било какви грешки при пополнување на податоците, настанати по вина на Барателот на кредит, ФД не сноси одговорност и сите последици од таквите грешки паѓаат на товар на Кредитобарателот .

3.6 ФД покрај документот за идентификација (важечка лична карта) го задржува правото да побара од барателот на кредит и дополнителна потребна документација. Кредитобарателот  е обврзан да му обезбеди на ФД копии од документите потребни за проверка на кредитната способност на Кредитобарателот и тоа: копија од Лична Карта (или пасош) – двете страни, потврда за вработување или копија од банкарски извештај за последните три месеци, документ за примање на пензија или други приходи.

**4. Оценка на кредитоспособноста и одлучување**

4.1 Со доставување на Барањето, Кредитобарателот  ја дава својата согласност на ФД да врши увид во Македонско Кредитно Биро и други јавни регистри. По добивањето на Барањето ФД ја проценува кредитоспособноста на Кредитобарателот. Кредитобарателот  врз основа на постоечки информации, вклучувајќи информации, добиени од Кредитобарателот , притоа врши увид во Македонско Кредитно Биро или во друга база на податоци, до која има добиено пристап.

4.2 Во случај, како резултат на извршената проценка, ФД одбие да го одобри Кредитното барање, ФД веднаш го известува Кредитобарателот бесплатно за резултатот од проверката.

4.3 Во случај, ако ФД го одобри Барањето, Кредитобарателот ќе биде известен за тоа на електронска пошта и/или телефонски број (преку SMS или со повик).

4.4 Доколку во апликацијата се наведени сите потребни податоци рокот за разгледување и давање на одговор на Барањето е во рок најдоцна до 24 (дваесет и четири) часа од поднесувањето на Барањето. Ако Барањето не биде разгледано и одобрено до истекот на рокот од претходно наведениот рок, електронската апликација не предизвикува правно дејство меѓу ФД и Кредитобарателот .

**5. Лични податоци на барателот на кредит**

5.1 Со прифаќање на овие Општи услови, Кредитобарателот  под полна морална, материјална и кривична одговорност, потврдува дека сите податоци кои ги има наведено во барањето за кредит, а врз основа на кои се склучува Договорот за кредит, се вистинити и точни.

5.2 Доколку Кредитобарателот изврши промена на личните и адресните податоци и за тоа не го извести ФД во писмена форма во рок од 15 дена од денот на настанување на промените, извршената достава на последната евидентирана адреса или електронска пошта адреса ќе се смета за уредна и валидна и тоа како во постапката за редовна отплата на кредитот така и во постапката за присилна наплата на побарувањето на ФД согласно законските прописи.

**6. Склучување на договор**

6.1 Договорот за кредит се склучува на начин, предвиден во овие Општи услови и со придржување кон одредбите согласно Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис како и останатите важечки законски и подзаконски прописи во РСМ.

6.2 Договорот за кредит се смета за потпишан, склучен и стапува во сила од моментот кога Кредитобарателот, по електорнски пат преку единствениот линк кој го има добиено на својата електронска пошта ќе изврши потпишување со внесување на Единствениот Код кој го има добиено преку СМС порака на својот мобилен телефон, а кои се испратени од страна на ФД.

6.3 Секој паричен износ, одобрен и исплатен од ФД на Кредитобарателот претставува Кредит, даден од ФД под условите на Договор за кредит и на овие Општи услови.

**7. Реализирање и отплата на кредитот**

7.1 По успешно склучување на Договорот за кредит, ФД го реализира паричниот износ на одобрениот кредит на следните начини:

- Трансфер на трансакциската сметка наведена од Кредитобарателот . Истиот носи одговорност за точното наведување на трансакциската сметка, на која сака да го добие одобрениот износ.
- При приемот на износот на кредитот во готовина, Кредитобарателот е должен да потпише потврда во хартиена форма дека го примил целиот износ на кредитот од ФД и таквата потпишана потврда да му ја предаде на ФД.
- При исплатата на износот на кредитот во готовина, Кредитобарателот е должен да презентира исправна и валидна лична карта или пасош со цел негова идентификација, согласно регулативата за спречување на перење пари, при што ФД има право и обврска да задржи копија од документите за лична идентификација.

7.2 Корисникот на кредит во секое време има право да изврши целосна или делумна предвремена отплата на кредитот. Корисникот на кредитот е обврзан покрај главнината на кредитот да ги подмири и останатите побарувања од кредитот,а кои се однесуваат на пресметана неплатена камата и пресметани трошоци кои настанале во време на користење на кредитот.

7.3 Корисникот на кредит може да изврши уплата на средствата на следните трансакциски сметки:

СИЛК РОУД БАНКА Скопје, трансакциска сметка 280100108987418

7.4 Корисникот на кредит исто така може да изврши уплата на средствата на благајна во просториите на ФД.

7.5 Во случај, ако Корисникот на кредит плати сума во износ, кој не е доволен, за да го врати вкупниот износ кој требало да го плати до тој момент, од извршените уплати ФД првенствено ќе наплаќа:

- Трошоци (трошоци за испраќање на СМС пораки, трошоци за писма потсетување – опомени, судска и вонсудска наплата на обврските и др. слични);
- Провизии (провизија за администрирање на кредит и други провизии и надоместоци);
- Казнена камата, редовна камата и отплата на главница од кредитот.

**8. Доцнење со плаќање**

8.1 Доколку Корисникот на кредит задоцни со плаќање на 2 последователни рати, ФД ќе има право веднаш да го раскине овој Договор. Во таков случај, вкупниот износ на обврските по главнина на кредитот, заедно со каматата до денот на раскинување, трошоците и провизии предвидени со  Договорот за кредит доспеваат за плаќање веднаш и во целост. За таа цел ФД ќе го извести Корисникот на кредит преку телефонско јавување и испраќање писмено известување.

8.2 Корисникот на кредит може да побара да изврши пролонгирање на кредитот.  ФД го задржува своето дискреционо право да одлучува дали ќе го прифати или одбие таквото барање на Корисникот на кредит.

8.3 Корисникот на кредит плаќа провизија за неисполнување на договорните обврски, која претставува надомест за трошоците на ФД ако Корисникот на кредит не ги направи договорните уплати на ануитети во роковите утврдени во Договорот за кредит. Провизијата за непочитување  на договорните обврски за отплата на кредитот се утврдува со важечките Тарифи коишто се достапни на Веб страната-и во просториите  на ФД.

8.4 Корисникот на кредит плаќа провизии (вклучувајќи, но неограничувајќи се на провизија за издавање на кредит, провизија за администрирање на кредит, провизија за продолжување, провизија за прекршување на договорните обврски и други) камата за задоцнето плаќање и казни во случаите наведени во договорот за кредит. Ако Корисникот на кредит доцни со отплатата на износот на кредитот, казнената камата за задоцнето плаќање се пресметува и наплатува на неплатениот дел од отплатата на кредитот, за секој ден задоцнување.

8.5 Корисникот на кредит може да ја одложи отплатата на кредитот најмногу до истекот на Продолжениот рок за отплата на кредитот или да го измени амортизациониот план, со плаќање провизија за продолжување.

8.6 Роковите за продолжување, а со тоа и измените во Договорот за кредит ќе влезат во сила кога плаќањето на провизијата за продолжување е уредно примена од страна на ФД, на банкарска сметка или во благајна .

8.7 Надоместокот за трошокот за пролонгирање е согласно Тарификот на ФД. **9. Раскинување на договор**

9.1 ФД може еднострано да го раскине Договорот за кредит и да бара целосна присилна наплата на кредитот и сите други настанати трошоци и писмено да го извести и повика Корисникот на кредит во рок од 15 (петнаесет) дена да ги плати достасаните обврски доколку:

- Корисникот на кредит не изврши плаќање на кредитот;
- Изјавата и/или информациите, кои се дадени или потврдени по  Договор за кредит се неточни (невистинити) во моментот на давање или потврдување;
- Во случај на инсолвентност на Корисникот на кредит;
- Корисникот на кредит не ги почитува одредбите од Договорот за кредит;
- Други случаи предвидени со законски одредби.

9.2 Корисникот на кредит може да се откаже од Договорот за кредит во рок од 14 дена, без да наведува причина за откажувањето. Рокот на откажување започнува да тече од денот на склучување на договорот.

9.3 Корисникот на кредитот е согласен ФД да ги продаде побарувањата кои што би можеле да произлезат од склучениот Договор за кредит на трети правни лица, вклучувајќи ги сите податоци и документи поврзани со истите.

9.4 Во случај на отстапување на побарување од Договорот за кредит или отстапување на Договор за кредит на друго лице, Корисникот на кредит, има право кон лицето на кое му е отстапено побарувањето, односно Договорот за кредит да ги истакне сите приговори, освен личните приговори што ги имал кон ФД.

9.5 Корисникот на кредит   ќе биде известен за извршеното отстапување, освен доколку ФД, во договор со лицето на кое му се врши отстапувањето, продолжува да го сервисира кредитот.

**10. Виша сила**

10.1 ФД не презема одговорност спрема барателот/корисникот на кредитот за секое доцнење или пропуст за извршување на обврските содржани во овие Општи услови, кои се резултат на виша сила (пожари, поплави, војна, саботажа, природни непогоди, штрајкови, терористички напади, земјотреси и сл.).

**11.Завршни одредби**

11.1 Корисникот на кредитот пред потпишувањето на договорот потврдува дека ги прочитал и ги разбрал општите услови во целост. ФД го задржува правото во секое време да изврши измена и дополнување на овие општи услови. Корисникот на кредитот изјаваува дека е запознаен и согласен дека Општите услови можат да бидат изменети во секое време од страна на ФД и дека измените и дека истите ќе бидат обајвени на веб страната на ФД https://brzkredit.euromk.com.mk/ и https://www.euromk.com.mk/, како и дека  ФД  не е обврзано лично да го извести Корисникот на кредитот за направените измени. Корисникот на кредитот се смета дека е информиран од страна на  ФД за измени на Општите услови за кредитирање на денот кога истите се објавени Веб- страната .

11.2 Договорот може да се измени и дополни само со претходна взаемна писмена согласност на двете страни. На Договорот се применуваат Законот за облигациони односи, Законот за

потрошувачки кредити и другите позитивни законски прописи во РСМ. Обработката на податоците на Корисникот на кредитот кои се предмет на Договорот за кредит, е регистрирана во Дирекција за заштита на личните податоци на РСМ во која ФД е регистриран како контролор на лични податоци.

11.3 Орган кој врши контрола на усогласеноста на договорите за потрошувачки кредити со Законот за заштита на потрошувачите е Министерството за финансии.

Министерство за финансии
Ул.Мито Хаџивасилев бб, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3106-159
Факс: +389 2 3117-280
Е-маил: finance@finance.gov.mk